РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT
Бр. - Nr. 04-883/15
15.05.26 год. - vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Сл.весник на РСМ„ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Градоначалникот на Општина Јегуновце, на ден 15.05.2026 год., донесе

**О Д Л У К А**
**За избор на кандидат**
**по Интерен оглас бр. 02/2026**

1. За извршител на работното место број 2 по Интерен оглас бр. 02/2026 за унапредување на 1 (еден) извршител на неопределено време на работно место **Соработник за развој и управување со човечки ресурси** во Одделението за правни работи, општи работи и јавни дејности, со шифра на работно место УПР 0101 В03 000, се избира кандидатот со идентификациски код **Даниел Ѓорѓевски**.

2. Во рок од пет дена по конечноста на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Јегуновце ќе донесе Решение за унапредување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави на интернет страницата на Општина Јегуновце.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 27.04.2026 год., на интернет страницата на Агенцијата за администрација и на интернет страницата на Општина Јегуновце беше објавен Интерен оглас бр. 02/2026, за унапредување на 1 (еден) извршител на неопределено време на работно место Соработник за развој и управување со човечки ресурси во Одделението за правни работи, општи работи и јавни дејности, со шифра на работно место УПР 0101 В03 000.

Со решение бр.04-883/11 од 05.05.2026 година, од страна на Општина Јегуновце, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административни службеници по Интерен оглас бр.02/2026, која ја спроведе постапката за селекција за унапредување на административен службеник согласно Законот за административни службеници.

По спроведената постапка, Комисијата на ден 14.05.2026 год. изготви Записник од извршената административна селекција и Записник од спроведено интервју со кандидатите по Интерен оглас бр.02/2026, заверени со архивски бр.04-883/13 од 14.05.2026 год.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција изготвена е финална ранг листа на кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за унапредување на 1 (еден) извршител на неопределено време за работно место бр.2 од Интерен оглас бр.02/2026 и истите се доставени до Градоначалникот на Општина Јегуновце, прво рангиран кандидат е кандидатот со идентификациски код Даниел Ѓорѓевски.

Согласно предлогот за вработување на кандидати по Интерен оглас бр.02/2026, заверен со архивски бр.04-883/13 од 14.05.2026 год., Градоначалникот на Општина Јегуновце донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата на Општина Јегуновце.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ * KOMUNA E JEGUNOVCIT * ЈЕГУНОВЦЕ JEGUNOVC